2017

# ИЗВЕШТАЈ

ОТВОРЕНА ПОРТА

ЛА СТРАДА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2017

# СОДРЖИНА

За состојбата со трговијата со луѓе во Македонија

За Отворена порта

За активностите во програмата за Информирање и лобирање

За активностите во програмата за Превенција и Едукација

За активностите во програмата за Директна поддршка и социјална асистенција

За бегалците и мигрантите

Финансиски извештај на Отворена порта за 2017 година

## За Отворена порта

Ни преставува задоволство да го претставиме Годишниот извештај на Отворена Порта за 2017 година. И оваа година, како и минатите ќе биде запаметена по неколку важни предизвици, настани и успеси на организацијата.

Отворена Порта ја започна 2017 година со спроведување на новиот стратешки план 2017 –2020 година. Најновиот изработен стратешки план ги содржи сите идентификувани приоритети според кои беа направени стратешките цели и насоки. Целите што ги имаме поставено со овој план се амбициозни и се во сообразност со причината за постоењето на организацијата, тие бараат вложување на исклучителни напори како и јасен курс за нивна реализација. Нивното остварување е можно само со ангажирање на постојните ресурси и со целосно искористување на капацитетите на организацијата, притоа потпирајќи се на основните принципи и вредности како одлика во работењето на Отворена Порта – Ла Страда.

Вработените, вклучувајќи ги и волонтерите, се најважниот ресурс за Отворена порта. Во организацијата работат професионалци од различни помагачки професии како што се: психолози, социјални работници, педагози, економисти, правници, социолози. Тимот на Отворена Порта е целосно посветен кон обезбедување на професионален однос, стандарди и услуги за корисниците на програмите.

И оваа година организацијата продолжи со спроведување на сите три главни програми кои се составен дел од нејзината работа. Активно ги застапуваше правата на тргуваните лица, и ја зголемуваше свeта кај граѓаните на Македонија преку кампањата **ШТО ГЛЕДАШ? Биди ТИ нивниот ГЛАС!**

Како еден од поважните настани што ја одбележаа оваа 2017 година беше и одбележувањето **НВО ПЛАТФОРМАТА**

Во текот на 2017 година Отворена порта продолжи со работа во државното прифатилиштето за жртви на насилство и трговија со луѓеб и обезбеди помош и поддршка за 11 потенцијални жртви на трговија со луѓе сите деца од женски пол. Дополнително СОС линијата обезбеди информации, советувања и упатувања до соодветни сервиси на 428 лица.

И покрај тоа што бројот на бегалци и мигранти во текот на годината беше намален, и понатаму продолживме да даваме услуги во Центарот за баратели на азил и во транзитните центри Табановце и Винојуг. Тимовите на Отворена порта продолжија со спроведување на програмата за ранливи категории на лица во процес на мигрирање кои имаа потреба од итна интервенција, стручна помош и поддршка во Р. Македонија.

Во оваа година имаме поголем број млади од училиштата кои се едуцираа за проблемот на трговијата со луѓе преку најразлични активности како форум театар **ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА МИГРАЦИЈАТА И ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ**, едукативни работилници, промоција на филм **НАБЉУДУВАЧИ** и др. Беа подобрени знаењата и вештините на професионалните кадри од државните институции и граѓанските организации за насилството и трговијата со луѓе, положбата на бегалците и мигрантите, преку спроведување на работилници, панел дискусии, раскажувачки настани меѓу кои и **НА КАФЕ СО БЕГАЛЦИТЕ**.

Светскиот ден на бегалците 20 јуни беше одбележан преку организирање на хуманитарен уметнички базар **СОЗДАДИ НАДЕЖ**, каде што беа претставени ракотворби и производи рачно изработени од бегалците сместени во ТЦ Табановце, Винојуг- Гевгелија и Центарот за азиланти во Визбегово, кои беа достапни за купување.

Во понатамошниот дел на овој извештај се презентирани најважните активности и резултати кои организацијата ги постигна во текот на оваа година преку реализирање на проекти и буџет од 44.657.306, 00. денари.

Им благодариме на сите наши членови, волонтери, соработници и донатори кои ни даваа континуирана поддршка во текот на годината.

Јасмина. Д. Рајковска
Претседател

Марија Тодоровска
Програмски директор

## ЗА состојбата со трговијата со луѓе во Македонија

Како и во изминатите години состојбата со трговија со луѓе во Македонија е непроменета. Иако се вложени многу напори за решавање на проблемот на трговија со луѓе во Република Македонија сеуште се препознаваат скоро сите форми на трговија со луѓе. Сепак, сексуалната експлоатација, како и на глобално ниво, така и во Македонија, го држи приматот меѓу формите на експлоатација поврзани со трговијата со луѓе. Жените и девојчињата се подложени на трговија со луѓе и принудна работа во земјата во ресторани, барови и ноќни клубови. Трудовата експлоатација и искористувањето на жртвите преку присилен брак се останатите две најспецифични форми на експлоатација во нашата земја. Најранливи групи се жените и децата.

Македонија во 2017 година останува земја на потекло, транзит и дестинација за мажи, жени и деца подложни на трговија со луѓе и принудна работа. Странските жртви кои се предмет на сексуална трговија со луѓе во Македонија обично потекнуваат од Источна Европа, особено Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Романија, Србија и Украина.
Децата, пред се Ромите, се подложени на присилно просење и сексуална трговија преку присилни бракови. [1]

Македонија во текот на изминатите две децении се соочува со социо - економските и политички турбуленции што предизвикува значително зголемување на илегалната миграција од и преку Западен Балкан кон Европската унија (ЕУ). Во 2017 година со значително помал број Македонија е транзитна точка на непрописна миграција, со не документирани странски имигранти во Р.М. Меѓу нив особено се забележани случаи на деца без придружба, кои патуваат или кои се криумчарат низ државата, група која се смета за исклучително ранлива и со висок ризик од трговија со луѓе.

Владата на Р. Македонија ја усвои четвртата Национална стратегија и акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција за периодот 2017 – 2020 година. Овој документ е изработен од Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Владата разви индикатори за потенцијални жртви на трговија со луѓе во мешани миграциони текови и стандардизирани постапки за идентификација на жртвите.

Според Извештајот на Стејт департманот за трговија со луѓе Македонија е оценета во групата на ТИЕР 2, како држава која целосно не ги исполнува минималните стандарди за елиминација на трговијата со луѓе; сепак, таа прави значајни напори за напредок.

Механизмите за идентификација и упатување на случаи на трговија со луѓе покажуваат неколку слабости, преголема зависност од полицијата, институционални

---

[1] Извештајот за трговија со луѓе 2017- https://www.state.gov/documents/organization/271339.pdf

ограничувања, не вклученост на трудовите инспектори во постапките на откривање на жртвите на трудова експлоатација. Во текот на 2017 година само една идентификувана жртва (штитеничка) на трговија со луѓе е сметена во државното прифатилиште за жртви на трговија со луѓе.

Заштитата и помошта на лицата жртви на трговија со луѓе се фокусирани на интердисциплинарни проблеми како непостоење на специјални прифатилишта за деца или мажи кои биле жртви на трговија со луѓе; ниеден случај нема примено надомест на штета, било од трговците или од државата, очигледно заради сложените или нефункционални процедури, заради недостатокот на правна поддршка и во некои случаи, заради активно обесхрабрување од страна на органите. Имено, мал е бројот на случаи во кои е досудено барања за надомест на штета, но, ниедна жртва на трговија со луѓе не е обесштетена.
Отворена Порта е задоволна од извештајот на ГРЕТА [2] во кој се вклучени сите препораки кои организацијата ги даде со цел подобрување на состојбата на жртвите од трговија со луѓе. Особено важни се следниве препораки за кои Отворена порта активно се застапуваше

> *ГРЕТА уште еднаш ги повикува националните власти да преземат чекори за олеснување и гарантирање на ефективен пристап до компензација на жртвите на ТЛ, а особено за:*
>
> *ГРЕТА ги повикува националните власти да преземат дополнителни чекори за да осигурат дека сите жртви на трговија со луѓе се идентификувани како такви и може да имаат корист од мерките за помош и заштита содржани во Конвенцијата.*

## За активностите во програмата за ИНФОРМИРАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ

Отворена порта посветува голема важност на програмата за Информирање и лобирање која има за цел да го постави прашањето на трговијата со луѓе на политичката агенда, да ја подигне јавната свест за постоењето на проблемот од трговија со луѓе и да ги следи и дава препораки за подобро спроведување на мерките против трговијата со луѓе. Во текот на 2017 година организацијата продолжи да ги зајакнува капацитетите на институциите и здруженијата на граѓани, да остварува меѓународна и национална соработка и да реализира кампањи и настани со цел да се запознае со јавноста за овој проблем.

**Н**ови алатки и нивна примена во превенцијата од трговијата со луѓе -обука која се одржи на 7. декември.2017 Скопје. Обуката беше наменета за претставници од здруженија на граѓани кои работат на проблемот на трговија со луѓе во Македонија.

[2] https://rm.coe.int/greta-2017-39-frg-mkd-en/168078aeba

На обуката учествуваа 20 претставници кои имаа можност преку теоретски и практични сесии да ги зајакната своите вештини и капацитети за трговијата со луѓе, надлежностите, законска и институционална рамка за борба против трговија со луѓе, улогата на НВО во превенција од трговија со луѓе и др. Клучен дел од обуката беше ставен на презентирање на филмот „Набљудувачи“и негова примена помеѓу младите.

Учество на 61та Комисија на Статусот на Жената, Њу- Јорк кој што активно учествуваше на работилниците и оствари контакти со голем број на организации од различни држави во светот.

Учество на Отворена порта на конференција за Европските директиви и најдобрите пракси во однос на човековите права и обезбедување на сервиси за жртвите од трговија со луѓе во Загреб, Хрватска. 2ри до 5ти јуни. 2017

Тренер на обука „Рана идентификација на жртви на трговија со луѓе меѓу мигрантите и бегалците“во Амстердам, 19-21ви јуни. 2017

Учество на Отворена Порта и презентација на активностите на национално ниво на Суб- регионален консултативен настан за Глобалниот компакт за миграција во Западен Балкан, 29.јуни.2017, Сараево организиран од ИОМ- Интернационална организација за миграција.

Подобрување на заштитата на малолетниците без придружба долж миграционата рута, презентирано искуството за идентификација и заштита на малолетниците без придружба во Македонија од страна на панелист од Отворена порта. 4 и 5 септември 2017 година ВИЕНА, АВСТРИЈА Панел -сесијата беше во рамките на Петтата неформална тематска сесија: "Криумчарење на мигранти, трговија со луѓе и современи форми на ропство, вклучувајќи и соодветна идентификација, заштита и помош на мигранти и жртви на трговија со луѓе"

Зајакнување на институциите за правда и владеењето на правото во Централна и Источна Европа, Најдобри практики и случувања во решавањето на криумчарење и трговијата со луѓе, услугите за човекови права и жртви, работилница како дел од ПРОЕКТ ЗА СЕКТОР ЗА РЕГИОНАЛНА ПРАВДА, Отворена Порта 24-26 октомври 2017 година во Дубровник, Хрватска



Учество на Трета регионална средба на експерти за зајакнување на преку граничната истрага и спречување на илегалните финансиски текови кои произлегуваат од криумчарењето мигранти во Југоисточна Европа, кој се одржа во Сплит, Хрватска. Регионалната експертска група ја сочинуваа експерти од Министерствата, Судовите, UNODC претставници, почесни амбасадори,невладини организации и претставници на Western union и Money Gram.
На оваа конференција земаа учество вкупно 11 земји од кои Франција, Бугарија, Унгарија, Црна Гора, Македонија, Италија, Босна, Словенија, Србија, Романија, Грција, Хрватска кои ги презентираа техниките и истражните методи кои се користат во матичните земји за спречување на криумчарењето мигранти како и обработка на случаи на организиран криминал и криумчарење (Case management)




18-21 октомври.2017, Сплит, Хрватска

**Н**иш- Србија учество на Отворена Порта со своја презентација на Регионална маса за размена на добри практики на организации и мрежи кои работат на проблемот на трговија со луѓе, во организација на Центар за девојки Ниш. 25. Октомври.2017.

**О**творена Порта учествуваше на координативен состанок за Clean Clothes Campaign. Кампањата за чиста облека е глобална алијанса посветена на подобрување на работните услови и зајакнување на работниците во глобалната индустрија за облека и спорт. 25-28. октомври 2017 во Брисел.

**П**ретставник од тимот на Отворена порта – Ла Страда, учествуваше на семинар на тема: "Интеграција на бегалци низ волонтирање" од 25 - 31 Октомври во Мадрид, Шпанија. Проектот е подржан од Европската комисија, Еразмус + програмата за европска мобилност. Главите цели на семинарот беа споделување на знаења, методи, позитивни практики, и иницијативи поврзани со интеграција на бегалците преку идејата за активно волонтирање на бегалците во заедниците.

**10.** Ноември 2017, во Скопје Отворена порта учествуваше на „Меѓународни семинар на добра практики во одредување на шема за надоместок на државата на

жртвите на трговија со луѓе“, ко- организиран од Советот на Европа и Министерството за правда во рамките на акцијата за хоризонтален објект "Спречување и борба против трговијата со луѓе". Отворена порта го презентираше моделот на државен фонд за компензација за жртви на насилен криминал пред претставниците од на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на Националниот механизам за упатување, Министерството за финансии, Финансиската полиција, Агенцијата за управување со конфискуван имот, Јавното обвинителство, Основниот суд Скопје 1, како и пратеници, адвокати, претставници на граѓанското општество, меѓународни организации и амбасади кои учествуваа на семинарот.

**Р**аботилница на ИОМ: Подобрување и зајакнување на капацитетите за скрининг, идентификација и упатување на ранливи мигранти и жртви на трговија со луѓе. Отворена порта / Ла Страда Македонија го презентираше своето искуство во идентификување на жртвите на трговија со микс на миграција пред НВО и институциите од Албанија и Косово.




30. Ноември 2017

Платформа Обединети заедно! - Отворена порта од 25-27 октомври.2017 беше домаќин и организатор на 9та по ред Платформа **Обединети заедно**! на НВО- мрежа помеѓу невладините организации од регионот и Европа. На првата пленарна сесија од Ла Страда НВО Платформата, беше посветена на идните стратегии на Ла Страда базирани врз состанокот на овогодишното собрание на Ла Страда и презентирање на ново избраниот одбор. Другите денови беа посветени на дискусии за улогата на НВО и заеднички стратегии во 3 работни групи, и тоа: -НВО (ГРЕТА) мониторинг и акција за да се обезбеди имплементација на легислативи и мерки, Превенција, информација, поддршка и работа преку социјални мрежи и Дозвола за престој. 30-претставници од различни Невладини Организации од околу 30 земји беа присутни на овој настан и беа дел од НВО платформата.



 

**Следење на сосотојбата на насилство врз децата** - Во 2017 Отворена порта го започна проектот ,,Развивање систем за собирање и следење податоци за народниот правобранител и ЗГ за насилство врз деца“[3] со цел да овозможи една рамка за мониторинг со помош на која ЗГ вклучени во детската заштита ќе можат да направат испитување и анализа на квалитетот на законите, процедурите и практиките кои се користат во спречувањето на насилството и при заштитата на жртвите.

Овој документ треба да понуди рамка за мониторинг за сите засегнати страни кои сакаат да направат преглед и ревизија на тековните состојби, како и да соберат доволно податоци со цел да ги подобрат политиките и практиките на домашно ниво, но и да ја засилат соработката меѓу ЗГ и институциите.

Во текот на 2017 се спроведоа интензивни советувања и консултации меѓу десет ЗГ со цел да разменат согледувања, ставови и идеи за тоа кои аспекти имаат примарна важност за мониторинг и како да се врши следењето, но и заеднички да работат на Прирачникот за мониторинг. На првичните средби во Скопје, во март и април 2017 година, партнерите се согласија за обемот и структурата на овој Прирачник, додека пак на следните следните средби предвидени за 2018 година, ќе се работи на преглед и обработка на индикаторите и конечната верзија на Прирачникот.

## За активностите во програмата за Превенција и Едукација

Превенцијата и едукацијата се важен сегмент во работењето на нашата организација. Речиси секојдневно сме сведоци на случаи каде млади луѓе страдаат поради сексуално и трудово искористување и насилство. Знаењата стекнати за време на работилницата

[3] Проектот е под покровителство на УНИЦЕФ и Европската Унија.

и презентирањето на идеите од самите ученици се користат како препораки за развој на модели на добра практика во локалната заедница, како и активности на јавно заговарање и освестување за важноста од превенцијата на насилството и трговијата со луѓе. Затоа и во текот на 2017 година Отворена порта продолжи да организира едукативни трибини, тркалезни маси, работилници, форум театри, дебати за млади преку кои кај учениците/младите и професионалците се зголемува општата свест во насока на заштита од проблемот од насилство и трговија со луѓе.

**Форум театар – интерактивен и интересен метод за учење**






Спроведени 4 форум театри за сензибилизирање на младите и пошироката јавност со цел да се подигне свеста и да обезбеди сеопфатено разбирање за бегалците и мигрантите за нивното искуство во текот на патувањето и за услугите кои се достапни помеѓу јавноста. Форум театри се спроведоа во четири основни училишта во Македонски Брод, Валандово, Куманово и Скопје. За време на овие настапи децата не само што беа пасивни гледачи, туку и имаа можност да учествуваат во некои сегменти на претставата и да дадат сопствени мислења и решенија за можните начини за спречување на трговијата со луѓе. Исто така младите дискутираа и за бегалците и мигрантите, за нивната ситуација и за тешкотиите со кои се соочуваат во нивните земји но и за време на транзит. 234 млади и професионалци и притоа се запознаа и дискутираа за проблемите со кои што се соочуваат бегалците за време на нивното патување и за време на престојот во камповите и ризиците со кои што се соочуваат како што е трговијата со луѓе.

**СОС** –линијата за помош од трговија со луѓе ја продолжи својата работа и во 2017 секој ден од 08-20 часот, 7 дена во текот на неделата. 428 јавувачи се обратија на телефонската линија со цел да добијат информации, емоционална и психо- социјална поддршка и асистенција. Линијата беше промовирана помеѓу граѓаните на РМ како и помеѓу бегалците и мигрантите кој престојуваа и поминуваа низ нашата земја, како алатка преку која можат да добијат бесплатно и анонимно помош и информација за проблемот на насилството и трговијата со луѓе.







**П**РЕВЕНЦИЈА ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ, проект преку кои се спроведе социјална медиумска кампањи за подигнување на свеста за трговијата со луѓе со посебен фокус на различни форми на експлоатација. Како дел од овој проект се реализираа низа на активности како:

- Ангажирање на 9 промотери за потикнување на младите и новинарите во борбата против трговија со луѓе во периодот Март- Јуни 2017 од девет градови во Македонија: Скопје, Прилеп, Струмица, Гевгелија, Тетово, Битола, Св Николе, Штип и Делчево. Улогата на промотерите беше промовирање, поддршка и спроведување на активностите поврзани со потикнување на младите и новинарите во борбата против трговија со луѓе, поспецифично промотерите: Остваруваа соработка со средните училишта и факултети: го презентираа конкурсот за изработка на мултимедијален производ и го промовираа јавниот повик за избор на најдобар мултимедијален производ на тема „Трговија со луѓе“ на локални веб портали, веб страни, фејсбук страни; Ги стимулираа младите да изработуваат мултимедијален производ; организираа превентивни лекции со младите; го споделуваа јавниот повик за избор за најдобра новинарска статија на

тема ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ помеѓу локалните медиуми и ги стимулираа за учество на повикот; дистрибуираа превентивни материјали.




- Отворена Порта со цел да го поттикне истражувачкото новинарство и известувањето за темата трговија со луѓе во Македонија објави конкурс за најдобра новинарска статија. На јавниот повик имаа можност да конкурираат сите заинтересирани новинари од печатени и електронски медиуми до 5 октомври 2017, со една или повеќе статии објавени во периодот од 1 декември 2016 до 30 септември 2017 година. На ден 17.10.2017, беа наградени 3 новинари за најдобри новинарски статии на тема „Трговија со луѓе". Прва награда за најдобар новинарски тест ја доби новинарката Стојанка Митреска, за текст: "Примамливите огласи за работа можат да бидат и мачка во вреќа", објавен: 30.09.2017 во Медиум: Плус Инфо.




- Со цел зајакнување на превенцијата од трговија со луѓе помеѓу младите Отворена Порта објави конкурс за најдобар мултимедијален производ изработен од млади на тема трговија со луѓе. Во процесот на избор на најдобрите продукти беше креирана фејсбук страница каде што беа презентирани продуктите и онлајн публиката имаше можност да гласа и да го одбере најдобриот продукт. Беа наградени 4 мултимедијални продукти од кои 3 беа селектирани од независна комисија а еден продукт беше избран преку гласовите на онлајн публиката. Подготвена фејсбук страна на која што се постирани 32 мултимедијални продукти изработени од млади. Онлајн публиката го избра на јдобариот мултимедијален производ со ставање на like на самото видео. Фејсбук страната беше посетена од повеќе од 100 000 луѓе. За повеќе информации на следниов линк:https://www.facebook.com/%D0%98%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80-%D0%BD%D0%B0-

%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%B4%D0%BE%D0%B1%D0%B0%D1%80-%D0%BC%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D0%B4-431556470541404/

- **ШТО ГЛЕДАШ? Биди ТИ нивниот ГЛАС!-** Социјална медиумска кампања за подигнување на свеста за трговијата со луѓе со посебен фокус на различни форми на експлоатација. Активностите придонесоа кон 500.000 луѓе од јавноста да пристапат и да добиваат информации преку разни канали, 21% зголемен број на СОС повици; 32 мултимедијални продукти дизајнирани од страна на младите, 14 телевизиски настапи од кои 9 на национални и 5 регионални телевизиски станици (1 државјанин на албански јазик) и 500 млади информирани за време на 11 едукативни каравани презентации;




Целата кампања може да ја проследите на следниов линк: ШТО ГЛЕДАШ? Биди ТИ нивниот ГЛАС!- ОГРОМНА БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ УЧЕСНИЦИ КОИ ДОПРИНЕСОА ЗА ПОГОЛЕМА БУДНОСТ И СВЕСНОСТ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ! #ШТОГЛЕДАШ БИДИ НИВНИОТ ГЛАС И ПРИЈАВИ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ НА 0800 1111.

Едукативен филм **„Набљудувачи“** - Во текот на декември 2017 Отворена Порта спроведе 20 работилници во 12 средни училишта во Скопје и Куманово каде 409 млади, средношколци имаа можност да го проследат едукативниот филм Набљудувачи и да дискутираат на тема превенција од трговија со луѓе. Преку гледањето на филмот и дискусија со учениците се овозможува да се разбере сложеноста на феноменот на трговија со луѓе и да се согледаат можните начини за заштита и намалување на ризикот од трговија со деца. Активностите беа организирани во партнерство со Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.



**НВО саем со наслов "Активно граѓанство = Подобро Општество"**, д екември.2017Скопје. Организацијата преку свој штанд ја презентираше својата работа и подели превентивни и едукативни материјали на посетителите на саемот.




Идентификација и упатување на лица под ризик од трговија со луѓе- обука спроведена од страна на Отворена Порта на која учествуваа 28 теренски работници од невладини организации и државни институции кои пружат директна помош и поддршка на бегалците/мигрантите кои транзитираат низ Македонија. Обуката придонесе во зајакнување на нивото на професионалност на обезбедуваните на услуги за ефикасна идентификација, упатување, помош и поддршка на лица под ризик или жртви на трговија со луѓе.

## За активностите во програмата за Директна поддршка и социјална асистенција

Отворена Порта и во 2017 година продолжи да обезбедува тековно функционирање на ЦЛЖТЛ преку овозможување на сменска работа на социјалните работници и

психолози од Отворена порта во Центарот за 1 сместена штитеничка, дете жртва на трговија со луѓе.  Дополнително се обезбеди стручна помош и советување на 10 лица кои беа вклучени во програмата за придружна социјална работа преку активности за нивна реинтеграција во општеството.

- Отворена Порта обезбеди стандарден пакет на услуги за задоволување на основните потреби (храна, облека и хигиенски пакети) за 10 лица вклучени во програмата за придружна социјална работа.
- Правна помош е обезбедена за 3 лица вклучени во програмата за социјална поддршка.
- Основен пакет од медицинска помош е обезбедена за 6 лица вклучени во програмата, додека за 2 лица се обезбедени специјализирани прегледи и соодветни лекарства.
- Психо - социјално советување е обезбедено за сите 11 лица вклучени во програмата.
- Една штитеничка е вклучена во образовниот процес и посетува вечерно училиште. Дополнително три штитенички се вклучиле повторно во образовниот процес.
- Со цел олеснување на пристапот на пазарот на трудот Отворена Порта обезбеди курс за козметичарки за 1 штитеничка.

Сите услуги кои се обезбедуваат имаат за цел надминување на траумите на жртвите преку активности за стабилизација, а во напредната фаза од процесот на поддршка, нивно зајакнување и целосна интеграција во средината во која ќе живеат.

## За бегалците и мигрантите

И покрај помалиот број на бегалци и мигранти во Македонија, Отворена порта 2017 година продолжи да ја спроведува програмата за Ранливи категории на лица во процес на мигрирање кои имаат потреба од итна интервенција, стручна помош и поддршка во Р. Македонија во транзитниот центар Табановце, Прифатниот центар Винојуг/Гевгелија и Центарот за баратели на азил во Визбегово.  Дополнително Отворена порта со свои мобилни тимови работеше и на терен во близина на границите со Србија и по автопатот кон југ од Македонија познат како "сива зона". Тимовите вршеа мониторинг и идентификација на можните групи мигранти и бегалци (исклучително ранливи лица како што се семејствата со мали деца и недпридужуваните малолени лица), помагајќи им со хуманитарна помош и обезбедување на консултации / информации или упатување до медицинска помош и други релевантни служби. Тие проактивно им пристапуваа на беглаците и мигрантите и ги информираа за услугите што се нудат во центрите и ги едуцираа за опасностите од трговијата со луѓе. Исто така, професионалните тимови им обезбедија емоционална и психо-социјална прва помош, а посебните случаи беа упатени на релевантните служби. Мобилните тимови исто така работеа и во канцеларија која Отворена порта ја отвори и менаџираше во Лојане.

Континуирано се обезбедуваа и стандарден пакет на услуги за основни потреби, правна, медицинска помош, психо - социјална помош и вклучување во образовен процес на ЖТЛ/мигранти и баратели на азил во ТЦ Табановце, ТЦ Винојуг, Центарот за баратели на Азил Визбегово и во пограничните села на север на земјата (Ваксинце, Лојане, Липково..). Во текот на 2017 година, тимовите на Отворена Порта имаат вкупно асиситирани 4587 лица а идентификувано 58 лица со индикатори за трговија со луѓе, (34 мажи, 9 жени, 17 момчиња и 3 девојчиња).

Освен тековите активности кои се реализираат во сите три центри од страна на органзиацијата и надово на терен, за оваа година може да ги потенцираме следниве активности во однос на работата со бегалците и мигрантите:

**Арт терапии** – Со цел да се намали болката, тагата и траумата со која се соочуваат бегалците и мигрантите, во 2017 година, Отворена Порта, со помош на професионален терапевт, спроведе 15 уметнички работилници со бегалците сместени во ТЦ Табановце, Винојуг и во Центарот за баратели на азил. На 139 учесници бегалци и мигранти, им се помогна во справувањето со траумите кои ги преживеале во текот на нивното патување кон подобар живот и подобрување на нивната емоционална, духовна, когнитивна и физичка благосостојба. Имплементацијата на уметничката терапија со бегалците / мигрантите се покажа како многу позитивен ефект врз лицата вклучени во работилниците. Некои од нив, кои беа ангажирани во користењето на уметничка терапија, открија дека, во најмала рака, тоа е корисна алатка за да не се размислува за она што ги мачи. Други сфатија дека уметничка терапија е авенија која им помага да ја надминат стигмата што често се поврзува со тоа што е означена како да има ментално растројство. Можеби највредната лекција за отсуство тука е идејата дека ако човечкиот ум е стимулиран правилно, преку авенија како што е уметничка терапија, тогаш умот ќе напредува на здрав начин кон надминување на траумата, депресијата, па дури и длабоко вкоренета вина. На овој начин, можеби постои одредена вистина за идејата дека времето ги лекува сите рани, ако тоа време го користи конструктивно.




*"Ова ми помогна толку многу! - Моето име е Хана и научив многу за себе преку овие работилници! Јас сум благодарна за уметничките работилници и се што беше направено, а во креативниот дел целосно уживав."*- Хана, жена од Ирак.




*"Овие работилници ми беа безбедно место за социјално дружење. Но, ми беа и повеќе од тоа, тие ми помогнаа да ги изразам своите чувства преку моите*

*уметнички дела и ми ја дадоа потребната самодоверба да извршувам и други активности. Исто така, овие работилници ми помогнаа да ги развијам те кои ми се потребни за да станам вистински уметник*"- 17-годишно момче кое четири месеци престојува во Транзитен Центар – Табановце.

Работилниците се организираа во рамки на проектот на УСАИД за заштита на правата на бегалците и мигрантите, спроведуван од Македонското здружение на млади правници во соработка со Отворена Порта-Ла Страда. По завршувањето на сите уметнички работилници, како завршна фаза од оваа активност беше спроведувањето на уметничкиот базар.

## СОЗДАДИ НАДЕЖ- Хуманитарен пазар на ракотворби изработени од бегалци

По повод светскиот ден на бегалците 19 јуни 2017 година во Сули Ан во скопска чаршија, проектот на УСАИД за заштита на правата на бегалците и мигрантите одржа хуманитарен пазар на над 100 ракотворби (накит, цртежи и слики) изработени од бегалци, под мотото СОЗДАДИ НАДЕЖ. Ракотворбите беа изработени во текот на уметничките работилници –арт терапии кои се спроведоа со бегалците и мигрантите во Р.М. Посетители на настанот беа претставници на институции, национални невладини организации и меѓународни организации, дипломати од различни амбасади во Скопје, од локалната заедница 4 жени бегалци од ТЦ Табановце и 1 бегалец од Центар за азиланти во Визбегово и претставници на локалните медиуми. Настанот го посетија околу 100 луѓе, кои обезбедија поддршка преку купување на предмети кои беа изложени за продажба.



Настанот беше официјално отворен од страна на американскиот амбасадор во Македонија г-дин Џес Бејли. Следни говорници беа претседателот на Македонското здружението на млади правници, г-дин Зоран Драгановски и програмскиот директор на Отворена порта, г-ѓа Марија Тодоровска, со поздравен говор и го споделија организациското искуство и придонес во поддршка на бегалците за време на кризата на бегалците во Македонија. Говорникот на гостите беше малолетно лице без придружба од Пакистан, кое има статус на лице под супсидијарна заштита и г-ѓа Вероник Гарет, волонтер во Отворена порта Ла Страда од 2015 година. Собраните средства со вкупна сума од 23,000.00 денари беа искористени за потребите на бегалците и мигрантите што транзитираат и/или престојуваат во Македонија.




200 разгледници со пораки и слики беа делени на сите лица кои имаа купено од изложените предмети на арт базарот.

**На кафе со бегалците** - настан за размена на мислења и подигнување на свеста за мигрантите и бегалците. Во текот на 2017 година беа организирани (10) настани, во 9 града( Скопје, Тетово, Куманово, Гостивар, Валандово, Кочани, Штип, Струмица, Велес) именувани како „ На кафе со бегалците“ и тоа во кафулиња кои поради пријатната и неформална атмосфера овозможија полесно приближување на бегалските приказни до граѓаните како и автентична човечка димензија на целиот проблем.




На овој настан граѓаните на РМ имаа можност да погледнат емотивно видео во кое неколку баратели на азил во Република Македонија ги споделуваат нивните искуства, по што се  отвораше простор за разговори во кои секој присутен имаше можност да ги сподели своите ставови, мислења или стравови за бегалците, мигрантите и бегалската криза.

Целта на овие настаните беше да се подигне свесноста за искуствата со кои се соочуваат бегалците и мигрантите за време на нивното патување, меѓу кои и потенцијалната опасност да станат жртви на трговија со луѓе, како и да се намали жигосувањето на оваа група на граѓани.

Останатиот дел од настаните ќе продолжат да се спроведуваат и во текот на 2018 година.

Овој настан беше дел од Проектот на УСАИД за заштита на правата на мигрантите и бегалците, спроведен од страна на Македонско здружение на млади правници во соработка со Здружението на граѓани за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта.

# ФИНАНСКИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# НА ОТВОРЕНА ПОРТА ЗА 2017 ГОДИНА

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД**
**01.01.2017-31.12.2017**

## Приходи

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 85,00 ден. |
| 2 | Приходи од проекти грантови | 44.657.306,00 ден. |
| 3 | Приходи од исплата на штета | 11.181,00 ден. |
| 4 | Приходи од продажба на нетековни средства | 153.750,00 ден. |
| 5 | Пренесен вишок од минатата година | 13.000.148,00 ден. |

## Вкупни приходи — 57.822.470,00 ден.

## Трошоци

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Трошоци за банкарска провизија | 93.348,00 ден. |
| 2 | Трошоци од негативни курсни разлики | 151.716,00 ден. |
| 3 | Трошоци за ревизорски услуги | 92.175,00 ден. |
| 4 | Трошоци за бруто плати | 8.910.223,00 ден. |
| 5 | Авторски договори | 21.702.291,00 ден. |
| 6 | Трошоци за договор за повремени работи | 490.569,00 ден. |
| 7 | Трошоци за гориво | 1.180.345,00 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Пренос на субјекти -партнери во проект | **ден.** | **231.705,00** |
| 9 | Останати трошоци за вработените | | |
| 10 | Комунални трошоци (струја, парно, вода...) | **ден.** | **295.551,00** |
| 11 | Трошоци за возило | **ден.** | **691.697,00** |
| 12 | Трошоци за наем на возило | **ден.** | **1.163.317,00** |
| 13 | Трошоци за непроизводствени услуги | | |
| 14 | Трошоци за интелектуални и образовни услуги | **ден.** | **735.434,00** |
| 15 | Трошоци за канцелариски набавки | **ден.** | **129.054,00** |
| 16 | Трошоци за хотелско сместување за проектни активности | **ден.** | **1.543.650,00** |
| 17 | Трошоци за угостителски услуги за проектни активности | **ден.** | **326.668,00** |
| 18 | Трошоци за камп за бегалци | **ден.** | **3.014.847,00** |
| 19 | Трошоци за наменина од физички лица | **ден.** | **872.160,00** |
| 20 | Трошоци за ПТТ, пошта, телефонија | **ден.** | **318.736,00** |
| 21 | ТроШоци за опрема | **ден.** | **340.329,00** |
| 22 | Патни трошоци за проектни активности | **ден.** | **1.201.466,00** |
| 23 | Останати расходи | **ден.** | **57.764,00** |
| 24 | Трошоци за промотивни капањи и објави | **ден.** | **672.243,00** |
| **Вкупни трошоци** | | **ден.** | **44.215.288,00** |

*Данок на непризнати трошоци за 2017 година*

***Наменски средства за 2018 година*** **ден.** **13.607.182,00**

## *Биланс на состојба на 31.12.2017 година*

## *Средства*

| | | |
|---|---|---|
| 1 | *Нетековни средства* | ***1.711.907,00 ден.*** |
| 2 | *Денарска сметка* | ***5.659.122,00 ден.*** |
| 3 | *Девизна сметка* | ***6.419.429,00 ден.*** |
| 4 | *Побарување од државата* | ***28.631,00 ден.*** |
| 5 | *Депозит* | ***1.500.000,00 ден.*** |

| | |
|---|---|
| ***Вкупни средства*** | ***15.319.089,00 ден.*** |

## *ОБВРСКИ*

| | | |
|---|---|---|
| 1 | *Наменски средства за 2017 година* | ***13.607.182,00 ден.*** |
| 2 | *Деловен Фонд* | ***1.711.907,00 ден.*** |

| | |
|---|---|
| ***Вкупно обврски*** | ***15.319.089,00 ден.*** |

**Скопје, 28.02.2018**